31874

ВЕЧЕР ☆ 7 септември 1984 година
6579, 10,

КУЛТУРА ● УМЕТНОСТ ● ОБРАЗОВАНИЕ ● КУЛТУРА ● УМЕТНО

ПО ИНАУГУРИРАЊЕТО НА ГАЛЕРИЈАТА НА УМЕТНОСТИТЕ НА НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ ВО ТИТОГРАД

# ХРАМ НА УМЕТНОСТА НА НЕВРЗАНИТЕ

**● СРЕДБА СО БОРКО ЛАЗЕСКИ, ДЕЛЕГИРАН ЧЛЕН ОД СРМ ВО УМЕТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ГАЛЕРИЈАТА „ЈОСИП БРОЗ ТИТО“ ВО ТИТОГРАД**



БОРКО ЛАЗЕСКИ

Галеријата на уметностите на неврзаните земји „Јосип Броз Тито“ во Титоград што, во присуство на голем број јавни и културни работници од нашата земја како и на претставници од повеќе неврзани земји беше отворена во почетокот на овој месец, по својот карактер претставува единствена институција во современиот свет чија основна цел е да ја собира, да ја чува да ја проучува и да ја презентира автентичната уметност на неврзаните земји.

Идејата за основањето на оваа Галерија датира многу одамна, а Собранието на општина Титоград основачкиот акт го донесе во декември 1981 година во знакот на 20—годишнината од првиот самит на неврзаните, а потребата од основањето на Галеријата како императив беше нагласена и во завршната декларација на VII самит на неврзаните земји што се одржа во март минатата година во Њу Делхи.

За да се запознаеме поодблизу со содржината и со програмата за работа на оваа Галерија, вчера поведовме разговор со делегираниот член од СРМ во Уметничкиот совет на Галеријата, академскиот сликар Борко Лазески.

**— Галеријата на уметностите на неврзаните земји што го носи Титовото име, ни рече Борко Лазески, е сместена во просториите на Стариот дворец во месноста Крушевац во Титоград. На првиот кат од Галеријата моментно се наоѓаат експонати од автори и од поднебјата на 35 неврзани земји од кои повеќето се слики во маслена техника, потоа скулптури, таписерии, графики, археолошки примероци, музички инструменти, експонати од народната уметност итн. На вториот кат се презентирани ликовни творби од југословенски сликари при што македонското сликарство е претставено преку експонати на Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, Вангел Наумовски и Трајче Јанчевски. Третиот кат опфаќа експонати од ликовни уметници од африканскиот континент.**

— Исто така, продолжи Борко Лазески, Галеријата располага и со пригоден изложбен простор за организирање на повремени изложби на одделни национални уметности или на истакнати ликовни уметници од неврзаните земји. Во состав на Галеријата се наоѓаат и четири ателеја во кои повремено ќе престојуваат и ќе работат современи ликовни уметници. При Галеријата наскоро ќе биде формиран документационен центар со библиотека со регистар на каталози, монографии и разновидни информативни списи за летописите на ликовниот живот во одделните неврзани земји, а се очекува при Галеријата да се развие и издавачката дејност на повеќе јазици при што доминантно место ќе заземаат монографиите за одделните национални уметности, а ќе се издава и меѓународно списание за ликовна уметност. Исто така, Галеријата во иднина треба да биде домаќин на биенале или триенале на ликовните уметници од неврзаните земји, а сите овие активности и дејности, без сомневање, ќе дадат незаменлив придонес кон натамошното сестрано афирмирање на ликовната уметност и култура посебно на оние неврзани земји чија традиција и култура на еден или друг начин е потисната од застрашувачките ликовни императиви на големите ликовни центри во светот. Галеријата на уметностите на неврзаните земји во Титоград ќе биде вистински мост за зближување на ликовните творци од неврзаните земји и незаменлив пункт за откривање пред светската јавност на автентичните вредности на уметноста на неврзаните земји.

Т. Ширилов